# Биографија

Атанас Иваноски е магистер на психолошки науки и психотерапевт од психотераписките правци Рационално-емотивна бихејвиорална терапија (РЕБТ) и Когнитивно-бихејвиорална терапија (КБТ). Од 2018 година е лиценциран психолог, а од 2021-2025 година беше член во својот прв мандат во Надзорен одбор во Комората. Од 2020 година е член на Интернационалното здружение за коучинг психологија.

Како психолог има работно искуство во стручна служба во основно и средно образование, професор по психологија во средно училиште, универзитетски асистент и образовен асистент.

Покрај тоа, работи и како психотерапевт и повремено дава и друг вид психолошки услуги во соработка со други организации.

Има објавено научни трудови во меѓународни списанија и има учествувано на национални и интернационални конференции.

Потесен интерес му се областите психологија на личност и клиничка психологија.